Бесплатен примерок

јануари, 2020

# Скопје
гласило



# УРЕДЕН ЗЕЛЕН ПОКРИВ НА ГТЦ

**2 стр.**
Јавните површини ослободени од возила

**10стр.**
Зазеленувањето на Скопје, траен влог за животната средина

**12 стр.**
Со нови контејнери и опрема воведен нов концепт за третман на отпадот

**18 стр.**
Градиме по план, Скопје добива нови уредени јавни простори

## СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ПЕШАЦИТЕ И ЗА ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ

# ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОСЛОБОДЕНИ ОД ВОЗИЛА

Градот Скопје изминативе две години посветува големо внимание на движењето на пешаците и на велосипедистите. Се создаваат простори што се безбедни, корисни и проточни. Се засадуваат дрвореди и зеленило и се поставува урбана опрема на местата каде што порано се паркираа возила. За две години се поставени **4.933** заштитни столпчиња по должината на улиците, со што од возила се ослободени **7.500** метри патеки.

Пешачката патека наспроти Соборниот храм којашто беше блокирана со паркирани возила оваа есен беше преуредена и ослободена за движење на пешаците. На тротоарите се поставени столпчиња, а оштетениот асфалт е заменет со нов плочник. Во средишниот дел на пешачката патека е засадено зеленило, а поставена е и нова урбана опрема. Тротоарот пред Порта Буњаковец, пак, е збогатен со напуштена урбана опрема - бетонски огласници на кои е насликана улична уметност за попријатни прошетки на пешаците. Новиот тротоар на улицата Даме Груев до неодамна беше последниот нерегулиран и бесплатен паркинг во центарот на градот.

Тротоарот пред главната Пошта беше преплавен со автомобили до лани, но сега има нов лик. Изградена е нова велосипедска патека, просторот е ограден, поставени се клупи и канти за отпадоци, засаден е дрворед, а има и жардиниери со ниско украсно зеленило. Оградата на улицата Васко Карангелевски првично беше поставена за заштита на учениците од блиското училиште, но потоа тротоарот почнаа да го користат и рекреативците.

Реконструирана е велосипедската и пешачката патека на булеварот 8.Септември. Екипите на Град Скопје во изминативе две години изградија и обновија рекордни 28 километри нови велосипедски патеки. На десетици локации низ Скопје се поставени паркинзи за велосипеди по барање на граѓаните. Значајно е да се нагласи и дека Градот Скопје интензивно работи на идејата улицата Димитрија Чуповски кај „Рекорд“ да стане пешачка зона.




Патеката наспроти Соборниот храм



На улицата Даме Груев



Кај Порта Буњаковец



На улицата Васко Карангелевски



Велопатеката на булеварот 8.Септември



Паркинзи за велосипеди на десетици локации



Метежот на „Рекорд“ ќе стане минато



Целосно нов лик за тротоарот кај главната Пошта

# НОВА ГРАДСКА ЗЕЛЕНА ОАЗА – ГТЦ ДОБИ ЗЕЛЕН ПОКРИВ

Градскиот трговски центар во Скопје оваа есен доби зелен покрив. Новата градска зелена оаза е со површина од 1.800 квадратни метри, а на неа се засадени дваесетина висококвалитетни дрвја и над 30 други видови садници од средното и ниското зеленило. Поставени се неколку водени зони во форма на фонтани и базени, монтажна бина, амфитеатрални скали, партерно шаховско поле и модерна урбана опрема согласно со потребите на посетителите.

- ГТЦ е симбол на модерно, постземјотресно Скопје. Со проектот „Зелен покрив на ГТЦ“ финансиран од Град Скопје и имплементиран во соработка со Градскиот трговски центар и со поддршка од нашите пријатели од УНДП,  овој покрив кој до вчера беше


















речиси неискористен стана атрактивен простор со зелена површина за одмор, рекреација и културно-забавен живот. Освен во урбаниот развој на градот, овој проект ќе придонесе и за намалување на температурата во централното градско подрачје преку намалување на ефектот на урбаните топлински острови, подобрување на квалитетот на воздухот и управување со врнежите – вели градоначалникот Шилегов.

Зазеленувањето на покривот на ГТЦ е дел од проектот со кој Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) го поддржува Градот Скопје во спроведувањето на Стратегијата за климатски промени - Отпорно Скопје.



# СКОПЈЕ ИМА НОВ ПАРК - „ИБНИ ПАЈКО” ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ

Од изминатово лето Скопје е побогат за уште еден прекрасен градски парк, на левата страна на Вардар, во срцето на некогашното Пајко Маало, веднаш зад Националната филхармонија. Новозасадени дрвја и зеленило, пешачки патеки, сервисна улица украсена со улична уметност и интересна урбана опрема го заменија неуредениот, нелегален паркинг со кал и прашина, каков што беше овој простор до пред само една година. Сега, оваа нова зелена оаза во срцето на градот е омилено место за одмор и релаксација на граѓаните и центар каде што се одржуваат културни и забавни случувања.

- Градот е особено горд на фактот што за подигнувањето на паркот се потрошени точно 0 денари преку посебни јавни набавки. Зеленилото, патеките и урбаната опрема што ги има тука се одвоени од редовните програми на Градот и јавните градски претпријатија, а мал дел од нив се донација од општествено одговорни компании – објаснува градоначалникот Шилегов.












Новиот парк „Ибни Пајко“ се простира на површина од околу 11.000 квадратни метри. При уредувањето се зачувани затекнатите 12 дрвја, а новите 85 садници се засадени во дрвореди кои се протегаат низ неколку насоки во паркот и ќе обезбедуваат сенка на поплочените површини.

Во паркот се изградени пешачки патеки и сервисна улица украсена со улична уметност, а поставена е и функционална урбана опрема што дополнително го облагородува овој простор. Клупите и кантите за отпадоци се поставени според очекуваните сенки од крошните на дрвјата и нивната претпоставена употреба во иднина. Пристапите кон паркот се обезбедени со рампи за велосипеди и колички на сите негови влезови. Паркинзите за велосипеди и сервисната станица се поставени на осветлено место под видеонадзор, за подобра заштита. На патеката по должината на булеварот Гоце Делчев, пак, е засадена жива ограда за да го штити паркот од прашината и од бучавата на возилата, а во паркот се засадени вкупно 7.500 квадратни метри трева со прскалки и систем за наводнување по принципот „капка по капка“.

Во паркот има и летна сцена која овозможува одржување на културни и забавни манифестации на отворено.



# СО ЕКОЛОШКИ ТРАНСПОРТ, ЕФИКАСНО ЗАТОПЛУВАЊЕ И ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ ДО ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Градот Скопје изминатиов период интензивно работеше на надминување на проблемот со загадувањето на животната средина. Акцент беше ставен на еколошките начини на транспорт, поефикасното затоплување на домовите и зазеленувањето на градот. За првпат воведовме акции кои беа од директна корист за граѓаните, но и ја поттикнаа нивната лична одговорност кон околината, се со цел – почиста и поздрава животна средина.

## 33 НОВИ ЕКОАВТОБУСИ ОД MAN НА УЛИЦИТЕ НА СКОПЈЕ

Триесет и три нови еколошки автобуси со погон на гас наскоро ќе бидат дел од возниот парк на ЈСП. Градоначалникот Шилегов на 25.09.2019 година го потпиша договорот за набавка на новите автобуси од компанијата MAN со кои значително ќе се подобри јавниот транспорт на патници во Скопје.

Според планот, ќе се набават 21 нископоден автобус со поединечен капацитет од 85 патници и 12 зглобни нископодни автобуси со поединечен капацитет од 149 патници. Новите автобуси се во согласност со последните технолошки трендови во оваа индустрија и ги задоволуваат стандардите за емисија на Euro 6. Овој тип на автобус во Германија ја поседува ознаката „Син ангел" и е прогласен за екоавтобус за 2016 година во Европа.

Новите автобуси се енергетски ефикасни и ако се направи споредба со потрошувачката на старите дизел автобуси, овие возила трошат речиси двојно помалку гориво, што дополнително ќе ги намали трошоците на ЈСП.

За потребите на градската администрација, пак, изминатово лето беа набавени шест нови хибридни автомобили од марката „тојота јарис". Со набавката на овие возила Градот Скопје даде пример за одговорно однесување кон животната средина и проблемот со аерозагадувањето.




## ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Градот Скопје на 14.10.2019 година поднесе барање за издавање лиценца за дистрибуција на топлинска енергија до Регулаторната комисија. Во прилог на барањето за издавање лиценца е поднесена документација со која се потврдува дека АД „Градски енергетски системи" е единствено правно лице кое има востановено трајно право на користење на недвижни ствари - линиски инфраструктурни објекти, енергетска инфраструктура - топловоди во сопственост на Република Северна Македонија коишто се наоѓаат на подрачјето на град Скопје.

Одлуката на Град Скопје да му се даде на трајно користење топловодната мрежа, со која ќе управува новоформираното претпријатие за дистрибуција на топлинска енергија и гас „Градски енергетски системи" (ГЕС) беше донесена на владина седница што се одржа на 30.07.2019 година. Градот Скопје преку АД ГЕС ќе спроведува мерки за намалување на аерозагадувањето во градот кое е последица на затоплувањето на објектите - преку развој и проширување на топлификациската мрежа, давање субвенции за приклучување, подобрување на енергетската ефикасност на објектите, намалување на потрошувачката на енергија преку регулација, како и изградба на дистрибутивна мрежа за природен гас.

- Веќе ја завршивме секундарната мрежа, односно гасоводниот прстен околу Скопје. Со цевката го преминавме дури и Вардар, од Карпош 4 кон Влае. Ова за мене е еден од поголемите потфати, зашто зборуваме за енергетска стратегија за нашиот град. За нас како град сега е многу битно да влеземе во процесот на терцијална гасификација, односно, достапност на гасот до домаќинствата – вели градоначалникот Шилегов.

## ДЕПОНИЈАТА „ДРИСЛА" СЕ ВРАЌА НА ГРАД СКОПЈЕ

Советот на Град Скопје на седницата одржана на 17.07.2019 година донесе одлуки со кои се поништија претходните договори и постапки за давање на депонијата „Дрисла" под концесија и таа повторно станува јавно претпријатие кое е во надлежност на Градот Скопје.

- Советот на Град Скопје изгласа одлуки со кои се поништува целата постапка за избор на концесионер на депонијата „Дрисла". „Дрисла" сега повторно се враќа во системот на Град Скопје како јавно претпријатие кое ќе треба да го основаме со нов управен одбор и со нов менаџмент. Нашата цел е да воспоставиме целосна контрола врз „Дрисла" и да може да креираме нови комунални политики во нашиот град – вели градоначалникот Шилегов.







## 700 КУБИЦИ ОРГАНСКИ ОТПАД СОБРАН ОД ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Во акцијата на Градот Скопје за бесплатно собирање на растителниот отпад од нивите и стрништата за да се спречи нивното палење ваква услуга побараа над 140 лица. Притоа, подигнати се 700 кубни метри отпад.

При крајот на изминатото лето, во сезоната на берба, Градот Скопје беше на располагање на земјоделците и бесплатно го отстрануваше отпадот од полињата како прва единица на локална самоуправа која почна кампања за елиминирање на палењето на нивите и стрништата, за да се намали загаденоста на воздухот и да се зачува плодноста на почвата. Палењето стрништа, плевели и други растителни отпадоци ја уништува микрофлората и фауната во обработливиот слој на почвата - она што ја прави земјата жива, плодна и самообновувачка. Палењето стрништа и земјоделски површини во текот на летото е фактор кој има голема улога и за избувнување пожари. Кампањата за едукација од штетните последици од палењето стрништа се спроведе во соработка со градските јавни претпријатија, УНДП и МДЦ-Ти.нет.

Инспекторите на Град Скопје вршат засилени контроли на теренот, а имаат можност да снимаат и со дронови, што го скратува времето наменето за обиколување на земјоделските површини и дава точна локација по имотен лист за имотот на кој се пали растителен отпад. Прекршителите се санкционираат според законот.




## ДОДЕЛУВАМЕ СУБВЕНЦИИ ЗА ГРАЃАНИТЕ – ЗА ЕКОЛОШКИ ТРАНСПОРТ, ЗА ПОЧИСТИ ЕНЕРГЕНСИ

За набавка на печки на пелети, на граѓаните кои претходно се грееле на дрва, јаглен или нафта, Град Скопје во 2018 година додели 351 субвенција во износ од 70% од вредноста на печката, но не повеќе од 30.000 денари, со вклучен персонален данок на доход. Во 2019 година се доделени 497 вакви субвенции.

За граѓаните кои набавија клима инвертер, а претходно се грееле на дрва, јаглен или нафта, Град Скопје надоместува 50% од вредноста на инвертерот, но не повеќе од 15.000 денари, со вклучен персонален данок на доход. Во 2019 година се доделени 1.379 субвенции за купување инвертери.

Во 2018 година Град Скопје додели 3.130 субвенции на граѓаните што купија велосипед. Во 2019 година беа доделени 4.125 вакви субвенции. Град Скопје надоместува 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари, со вклучен персонален данок на доход.

За набавка на електричен тротинет во 2018 година беа доделени 109 субвенции, а во 2019 година - 204 субвенции. На граѓаните кои ја искористија субвенцијата им беа надоместени 30% од вредноста на тротинетот, но не повеќе од 7.000 денари, со вклучен персонален данок на доход.

За да се намали загадувањето на воздухот, Градот Скопје и во 2019 година објави јавен повик за субвенционирање на домаќинствата и на другите субјекти на подрачјето на Град Скопје за чистење оџаци и додели 365 субвенции. Во 2018 година субвенции за чистење оџаци добиле 269 граѓани.

## ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕТО НА СКОПЈЕ, ТРАЕН ВЛОГ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА





Засадувањето дрвја, уредувањето нови паркови и нови зелени површини е приоритет на Градот Скопје како влог за здрава и чиста животна средина. Поради тоа, во периодот од октомври 2017 до крајот на 2019 година на јавните зелени површини се засадени 12.653 високо квалитетни листопадни и зимзелени садници и 5.220 декоративни грмушки. Во истиот период се подигнати голем број нови паркови, зелени плоштади и скверови, а реконструирани се и постојните зелени катчиња на вкупна површина од 189.096 квадратни метри.

За да се создаде врска меѓу градот и неговите сегашни и идни граѓани екипите на Град Скопје поставуваат плочки со имињата на новороденитe деца на дрвјата во градските дрвореди, во рамки на проектот „Дрво за секое дете“.

Во Град Скопје досега се пријавени 359 деца за плочка со нивното име да биде поставена на некое од новозасадените дрвја. Веќе се поставени речиси сите плочки.

Градот Скопје во соработка со општините Центар, Карпош, Чаир и Аеродром, пак, изминатото лето почна акција за ослободување дрвја заробени од градежен материјал при нестручно изведени градежни активности на јавните површини. Во соработка со Шумарскиот факултет мапирани се 841 заробено дрво, а активностите за нивно ослободување се во тек.





### ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА

# ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА НОВИТЕ КОНТЕЈНЕРИ

Новите контејнери поставени низ Скопје имаат различни карактеристики и употреба од старите. Моделот и дизајнот се внимателно избрани за да служат на максималното искористување на просторот и навиките на локалните корисници.

Се отвораат со нога или рака, за да не мора да се допре капакот или да се спуштат ќесите на земја за да се отвори контејнерот. Може да ги отворат и деца, возрасни граѓани и луѓе во колички.

Се затвораат автоматски, за да нема заборавени отворени капаци, за да не можат во нив да влезат собирачи на пластика и хартија, за да не можат улични животни или птици да го растураат отпадот надвор од контејнерите, и, најважно, за да не се шири непријатна миризба.

Нивната микролокација е фиксна, за да не можат соседите да си ги преместуваат каде сакаат, вандали да ги тркалаат до сред улица, или силниот ветер да ги разнесува наоколу.

Еден нов контејнер има зафатнина од речиси три стари, а зафаќа помалку простор на микролокацијата.

Се отвораат само од една страна, а се подигаат од спротивната, за да нема конфликти во просторот меѓу пешаците и возилата, за да не можат да се користат во движење од возилата и велосипедите и за да можат да бидат непречено подигани, тие се отвораат од страната на тротоарот, а подигаат од страната на коловозот.

Се подигаат хидраулично со механизација на десната страна на камионот. Контејнерите можат да бидат оддалечени макс. 1м од работ на коловозот, што е помалку од минималната ширина на велосипедската патека.

Се поставуваат до работ на коловозот за да не пречат во користењето на тротоарите. Кога просторот дозволува, се поставуваат на обележано паркинг место или во посебни џебови за контејнери, а многу ретко на велосипедски патеки и пешачки зони. Во таков случај, се прават заобиколувања и времени сообраќајни режими за да се избегнат конфликти меѓу корисниците и учесниците во сообраќајот.

Комуналната инспекција и инспекцијата за животна средина на Град Скопје во последните две години имаат зголемен број надзори на терен. Притоа, бројот на поднесени барања за поведување прекршочна постапка од комуналната инспекција е зголемен деветкратно во периодот од јануари до октомври 2019 година, односно поднесени се 84 барања за поведување прекршочна постапка, во споредба со истиот период во 2018 година кога вкупниот број вакви барања изнесува вкупно 9. Бројот на поднесени барања за поведување прекршочна постапка од инспекцијата за животна средина, пак, бележи трикратно зголемување за истиот споредбен период.

И комуналните редари на Градот Скопје во последниве две години ги засилија контролите на терен што резултираше со зголемување на казните и опомените и видливи резултати, значително подобрени во однос на претходните години. Така, во периодот јануари – октомври 2019 година се изречени вкупно 1.347 мандатни казни, што претставува двојно зголемување на бројот на изречени казни во споредба со истиот период во 2018 година, кога беа изречени 679 мандатни казни.

• • • • • • • • • • • • • • • •

Екипите на ЈП „Комунална хигиена" спроведуваат редовни и вонредни акции за чистење и уредување на јавните површини, како и за расчистување на дивите депонии. За две години, за периодот ноември 2017 – ноември 2019 година од дивите депонии е расчистен отпад од 12.666 кубни метри.

• • • • • • • • • • • • • • • •

На 26.07.2019 година беше поднесена првата кривична пријава во историјата на Скопје за неовластено фрлање смет, со што Град Скопје ја потврди заложбата за почиста и поздрава животна средина. Станува збор за лице фатено на самото место, на улицата Александар Урдаревски во општината Бутел.

Инспекторатот на Град Скопје во соработка со МВР, ЈП „Комунална хигиена" и ЈП „Улици и патишта" по еден месец ја расчисти оваа дива депонија бидејќи не се пристапи со извршување на издаденото решение, а лицето против кое е поднесена кривичната пријава ќе ги сноси трошоците за расчистување на сметиштето.

• • • • • • • • • • • • • • • •

Екипите на Град Скопје и на јавните претпријатија „Улици и патишта" и „Паркови и зеленило" минатата пролет спроведоа акција за комплетно чистење на каналите и на езерцата во првиот и во вториот дел од Градскиот парк.

• • • • • • • • • • • • • • • •

На 29.07.2019 година Градот Скопје објави анкета за прибирање предлози од граѓаните за нови имиња на топоними - улици, булевари, мостови, плоштади, паркови и други инфраструктурни објекти. Граѓаните можеа да ги испраќаат своите предлози преку пополнување онлајн прашалник или по пошта, заклучно со 18.08.2019 година. Граѓаните покажаа голем интерес за оваа иницијатива, над 1.800 лица го пополнија прашалникот и доставија предлози.

Предложените имиња ќе ги разгледува Комисијата за именување улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на Советот на Град Скопје која има задача да ја состави листата на имиња во согласност со законот и да ја достави во форма на предлог до Советот на Град Скопје, кој ја утврдува истата по претходно добиени мислења од општините и согласност од Владата.

# СО НОВИ КОНТЕЈ
# ВОВЕДЕН НОВ КО

Градот Скопје оваа есен промовираше нова опрема и нов концепт за третман на комуналниот отпад и хигиената на јавните површини во Скопје.

- Воведуваме целосно нов концепт за третман на комуналниот отпад и за хигиена на јавните површини во Скопје. Градот набави нови контејнери коишто се највисокиот технолошки стандард, познат и применет во Европа. Станува збор за 540 нови контејнери со капацитет од 3.200 литри со коишто ќе бидат заменети над 1.800 од вкупно 4.500 досегашни стари контејнери. Имаме и 30 контејнери за селектирање отпад од 2.200 литри. Градот набави и четири нови комунални возила за третман на овие контејнери. Чекор по чекор во Скопје ќе престанеме да гледаме незатворени и преполни контејнери со отпад, кои шират непријатна миризба и оставаат впечаток на нечист град – вели градоначалникот Шилегов.

Новите 540 статични контејнери за комунален отпад се речиси со трипати поголем капацитет од досегашните, опремени се со механизам за автоматско затворање на капакот, педала за отворање со нога, рачка за отворање приспособена за користење од лицата со посебни потреби и упатства за правилно користење. Во соработка со досегашниот партнер на градот „Пакомак" набавени се и 30 контејнери со капацитет од 2.200 литри за селектирање отпад, што е двојно повеќе од досегашните контејнери.







# НЕРИ И ОПРЕМА
# НЦЕПТ ЗА ТРЕТМАН НА ОТПАДОТ















Набавени се и нови 950 корпи за ѓубре отпад, 12 електрични машини за вакуумско чистење и 10 електрични возила за чистење и миење на јавните површини. Од 950 корпи за ѓубре отпад, 850 се направени од еластичен материјал, дополнително се заштитени од непрописно полнење со ќеси со комунален отпад и не дозволуваат ѓубрето да го растураат животни. Преостанатите 100 корпи се приспособени за отпадоци од домашните миленици. Вакуумските машини за хигиена на јавните простори и на зелените површини работат на сосема обратен принцип од досегашните, со којшто вработените ги дуваа лисјата и креваа дополнителна прашина. Возилата за миење и чистење се наменети за одржување на хигиената на шеталиштата, тротоарите и на велопатеките.

- Станува збор за технолошки најсовремени машини на електричен погон кои воопшто нема да го загадуваат воздухот. Во Скопје конечно се создаваат услови видливо да се подобри состојбата со хигиената на јавните површини – нагласува Шилегов.






ЗА ДА СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ВО КОИ УЧАТ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

# „ЦВЕТАН ДИМОВ“ И „МАРИЈА КИРИ-СКЛОДОВСКА“ ДОБИЈА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ФАСАДИ СО НОВ ИЗГЛЕД


СУГС „Цветан Димов“

Средните училишта на Град Скопје „Цветан Димов“ и „Марија Кири-Склодовска“ на почетокот на оваа учебна година добија нови, енергетски ефикасни фасади со променет, модерен изглед во специфичен визуелен и естетски стил.

- Ова е таа визија што ние како град ја имаме за тоа како всушност треба да изгледаат училиштата, местата каде што нашите деца се стекнуваат со образование. Парите на граѓаните ги трошиме за вистинските приоритети, за највисоките технолошки достигнувања што ги има на пазарот – вели градоначалникот Шилегов.

Фасадата на „Цветан Димов“ е изработена од алуминиумски композитни панели во боја и соодветна подлога во согласност со најсовремените светски стандарди за противпожарна заштита, енергетска ефикасност и подобрена термичка и звучна изолација. „Марија Кири-Склодовска“, пак, доби фасада од стакло и алуминиум, составена од алуминиумски композитни панели во боја, со нови челични профили и алуминиумска подконструкција.

Во текот на изминатото лето, градежни зафати за реконструкција беа извршени и во средните училишта „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Панче Караѓозов“, „Јосип Броз-Тито“ и во „Кочо Рацин“, а се работеше на замена на покрив, подови и врати, уредување на терасите и санација на санитарните јазли. Во текот на 2018 година, пак, 11 средни училишта на Град Скопје добија енергетски ефикасни фасади.


СУГС „Марија Кири Склодовска“

## НОВ СИСТЕМ ЗА ГРЕЕЊЕ ЗА СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Како резултат на успешната соработка меѓу Градот Скопје, УСАИД и СУГС „Браќа Миладиновци“, ова средно училиште доби нов систем за греење. Во изминатиов период, стариот и неефикасен систем за греење на просториите во училиштето беше заменет со нов систем со радијатори, по современи стандарди.

## ПРВА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

На дел од покривот од СУГС „Михајло Пупин“ е инсталирана фотоволтаична централа, прва ваква централа инсталирана во училиште во нашата земја. Со тоа, учениците во пракса ќе можат да видат како функционираат фотоволтаичните централи.

За реализација на овој проект учениците од „Михајло Пупин“ добија грант од Фондот за иновации во висина од 270.000 денари, а преостанатите средства до 600.000 денари, колку што чини централата, се од буџетот на училиштето.

## АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ“ КОНЕЧНО ИМА СПОРТСКА САЛА

Средношколците од СУГС „Боро Петрушевски“ од оваа учебна година спортуваат во нова спортска сала. Новоизградениот објект е опремен со голема спортска сала, сали за пинг-понг, гимнастика, пилатес и фитнес и простор за реквизити и гардероби, коишто овозможуваат одвивање на квалитетна настава по спорт и спортски активности.



## 16 СРЕДНОШКОЛЦИ СО ОБРАЗОВНИ АСИСТЕНТИ И ВО ОВАА УЧЕБНА ГОДИНА



Блашко Влаховиќ, ученик во СУГС „Браќа Миладиновци“, е средношколец кој минатата учебна година, во втората година од неговото средно образование работеше со образовен асистент за време на наставата и постигна подобри резултати во споредба со претходната година.

- Евидентни се неговите резултати и напредокот по сите предмети, и во поглед на оцените и во поглед на неговото сфаќање за однесувањето во училиштето и обврските што ги има. Со оваа нова приспособена програма неговите резултати се далеку подобри – вели Жарко Влаховиќ, таткото на Блашко.

Според директорката на СУГС „Браќа Миладиновци“, Елизабета Ангелеска, пак, работата на образовните асистенти е веќе забележлива во ова училиште - учениците кои имаат поддршка од образовен асистент се чувствуваат посамостојни и имаат поизразени социјални вештини. Токму поради тоа, а како продолжување на позитивната пракса од минатата учебна година, Градот Скопје во оваа учебна година ангажира 16 образовни асистенти кои ќе работат со средношколците со посебни образовни потреби. Асистентите кои се ангажираат во рамки на проектот „Поддршка на инклузијата во образовниот процес – унапредување на правата и можностите за ранливите категории граѓани во Град Скопје“, а кој е во соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и УНДП, работат по четири часа дневно со учениците и им помагаат во совладување на наставната материја и подобрување на успехот.

Услугата од асистентите е бесплатна за родителите кои дадоа согласност да се вклучат во проектот. Дел од средствата се обезбедени преку програмата Општинско – корисна работа, а дел се од Буџетот на градот. Месечниот надоместок за асистентите изнесува нето 9.000 денари, а за нив Градот обезбедува и бесплатен јавен превоз кој можат да го користат за време на ангажманот.

Значајно е да се напомене дека минатата година Град Скопје за првпат додели награда за особени постигнувања и резултати во процесот на инклузијата на ученичка од четврта година во гимназијата „Никола Карев“, која користеше услуга од образовен асистент и постигна одличен успех во последната година од образованието.

## СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

За да го подигне квалитетот на образованието на учениците со попреченост Градот Скопје за првпат во 2019 година додели стипендии за овие ученици од прва до четврта година. Дваесет и еден ученик со попреченост од средните училишта на Град Скопје ќе добиваат стипендии во текот на 9 месеци, по 3.000 денари нето износ месечно.

## ГРАД СКОПЈЕ ЗА ПОДОБРА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ

Како дел од мерките за подобрување на социјалната заштита на граѓаните Град Скопје во соработка со Црвениот крст на град Скопје во 2019 година ангажира 12 персонални асистенти за 25 корисници – лица со попреченост. Се обезбедуваат услуги и за лицата во трето доба - старите и изнемоштени лица се посетуваат во домашни услови, а активните стари лица се вклучуваат во дневните центри за стари лица.

Во соработка, пак, меѓу Специјалниот завод Демир Капија, Град Скопје, Министерството за труд и социјална политика и Сојузот на специјални рехабилитатори и едукатори во октомври 2019 година во Скопје беше отворен групен дом, во кој се сместени деинституционализирани лица од заводот во Демир Капија. Градот Скопје се вклучува во поддршката на лицата со најтежок облик на интелектуална попреченост или комбинирани пречки кои се дел од овој групен дом и преку соработката со Сојузот на рехабилитатори обезбедува 24 часовна нега од негуватели. Групниот дом е сместен во близина на Католичката црква.

#ЧекорПоЧекор за Скопје!



Булеварот Крсте Мисирков

# 17 УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ РЕКОНСТРУИРАНИ ВО РЕКОРДЕН РОК



Булеварот Кочо Рацин

За да се овозможи безбедно одвивање на сообраќајот во градот екипите на Град Скопје во текот на изминатата градежна сезона реконструираа 17 улици и булевари, во сите делови од градот. Градежните работи на сите реконструирани делници завршуваа во рекордно кратки рокови, а на пофреквентните сообраќајници се работеше и во вечерните часови за да не се создава сообраќаен метеж.

Така, булеварот Крсте Мисирков кај Бит-пазар, во општината Чаир, беше целосно и темелно реконструиран во должина од 1.350 метри во двете насоки, за само 15 дена. Градежни работи се изведуваа на потегот од крстосницата кај Судската палата до клучката Бит-пазар. Обновен беше и булеварот Кочо Рацин, еден од најфреквентните булевари во централното градско подрачје. Оваа сообраќајница беше реконструирана во должина од 880 метри во двете насоки, на делот од булеварот Кузман Јосифовски Питу до улицата Свети Кирил и Методиј. Градежни работи за обнова на коловозот се изведуваа и на дел од булеварот Партизански одреди, од булеварот 8.Септември до мостот „Обединети нации", на должина од два километра.

- Реконструкциите на сите улици изминатава градежна сезона ги завршивме во рекордно кратко време. Апелирам до граѓаните да ја почитуваат патната сигнализација и пропишаната брзина на движење, за безбедно да стигнат до својата дестинација – вели градоначалникот Шилегов.

После повеќе децении, изминатата градежна сезона беше реконструирана улицата Индира Ганди во Шуто Оризари. Екипите на Град Скопје ја завршија првата фаза од реконструкцијата на нејзиниот коловоз, на должина од 1.100 метри, на потегот од раскрсницата со булеварот Словенија до улицата Бутелски венец. Уредени се и пешачките патеки. Во текот на минатата пролет, пак, беше реконструирана улицата Димитрија Чуповски, во строгиот центар на градот, и тоа за помалку од две недели. Оваа сообраќајница доби нов асфалт на делот од крстосницата кај „Палома бјанка" до крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски, на должина од 240 метри.

Со проектот за фазна реконструкција на улицата Лазар Личеноски беше обновен нејзиниот коловоз од раскрсницата со булеварот Гоце Делчев до сервисната улица за влез на паркингот кај СРЦ „Кале", на должина од 493 метри. Беа асфалтирани и тротоарите, а беа поставени и нови рабници. Екипите на Град Скопје ја реконструираа и улицата Ѓорче Петров, од општинската зграда до бензинската пумпа на Макпетрол, на должина од околу 1.500 метри.

Фреквентната улица Февруарски поход во Ново Лисиче беше обновена на должина од 720 метри, коловозот на улицата Московска во општината Карпош беше обновен на должина од 690 метри, а нов асфалт минатото лето доби и улицата Лазар Трповски во Чаир, на потегот од

кружниот тек со улицата Втора македонска бригада до крстосницата со улицата Божин Стизов, на должина од 800 метри. Екипите на Град Скопје го реконструираа коловозот и на улицата Љубљанска, којашто е една од најфреквентните улици во Карпош 4. Улицата е обновена по целата нејзина должина од вкупно 441 метар, од крстосницата со булеварот Илинден до крстосницата со булеварот Партизански одреди, а обновени се и тротоарите.

Екипите на Град Скопје ја реконструираа улицата Антон Димитров, во Драчево, на должина од 1.200 метри, а беа уредени и тротоари со бекатон-плочки. Нов лик добија и улиците Бихаќка и Црниче, меѓу општините Центар и Кисела Вода, на должина од 810 метри - од раскрсницата кај подвозникот, па се до улицата Востаничка, а беа обновени и дел од тротоарите. Пролетта беше обновена и улицата Брадфордска во Козле, на должина од 200 метри, на потегот од крстосницата со булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов до крстосницата со улица Козле. Обновени се и делови од тротоарите.

После повеќе децении, реконструирана е и улицата Благоја Стефковски, во општината Гази Баба. Првата фаза од реконструкцијата се изведуваше на потегот од крстосницата кај улиците 15.Корпус и Методија Андонов - Ченто до крстосницата со улицата Петре Филиповски – Гарката и свртувањето кон улицата Перо Наков и Металски Завод – Тито. Улицата е обновена на должина од 870 метри, а градежните работи беа искористени и за замена на дел од старата подземна инфраструктура. Во тек е изградбата на велосипедска и пешачка патека од едната страна. Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ ја реконструираа и улицата 23 Октомври во општината Аеродром на должина од 800 метри, на потегот од Транспортниот центар до крстосницата со булеварот Јане Сандански.

Во тек е реконструкцијата на улицата Борис Сарафов, со изградба на водоводна, атмосферска и фекална мрежа.

Екипите на Град Скопје во текот на летото ги реконструираа дилатациите на мостот „Гоце Делчев“, во двата правци. Со реконструкција на дилатациските спојки на мостот, градежен зафат кој не беше изведен на мостот во изминатите 13 години, значително се зголемува безбедноста на овој премин преку реката Вардар. Реконструирани се дилатациите и на мостот на реката Серава.



Улицата Бихаќка

## ЗА ПОДОБРО СООБРАЌАЈНО ПОВРЗУВАЊЕ НА СКОПСКИТЕ НАСЕЛБИ

Градежните работи за проширување на булеварот АСНОМ, на потегот од крстосницата со булевар Србија до крстосницата со улицата Васко Карангелевски се во тек. Должината на трасата во првата фаза изнесува 845 метри, новиот булевар ќе добие по 3 коловозни ленти во двете насоки, средишно зеленило, пешачки и велосипедски патеки. По завршувањето на оваа прва фаза од градежните работи, во наредните две фази сообраќајницата ќе се продолжи, ќе биде изграден мост на реката Вардар и булеварот ќе се спои со булеварот Гоце Делчев.

На 12.06.2019 година беше потпишан договорот за изработка на основен проект и инфраструктурен проект за измена и дополнување на инфраструктура за сообраќајно решение кое со мост во центарот на градот, тунели под скопското Кале и кружен тек ќе ги поврзува булевар Свети Климент Охридски со булеварите Никола Карев и Македонско-Косовска бригада.



Улицата Димитрија Чуповски



Улицата Љубљанска

# ГРАДИМЕ ПО ПЛАН, СКОПЈЕ ДОБИВА НОВИ УРЕДЕНИ ЈАВНИ ПРОСТОРИ

Уредувањето на плочникот пред влезот во Градскиот трговски центар, изградбата на првата адреналинска патека во Скопје и оформувањето на првата тартан патека во вториот дел од Градскиот парк се само дел од проектите на Град Скопје со кои градот добива современ и уреден лик, а граѓаните нови катчиња за движење, дружење и рекреација. Градежните работи за уредување на плочникот пред влезот во ГТЦ се во тек. Освен плочки од три вида, на површина од речиси 5.000 квадратни метри ќе бидат засадени 22 костена, ќе биде изведена патека за лицата со инвалидитет, а ќе биде поставена и соодветна урбана опрема со клупи, корпи за отпадоци, осветлување и заштитни столпчиња.



- Ова е еден од најзапуштените простори во централното градско подрачје. Овој период овде се одвиваат градежни активности што ќе значат целосно осовременување на овој простор. Тука е и местото каде што е родена Мајка Тереза која во 80-те години го засадила дрвото во малото паркче – вели градоначалникот Шилегов.

## СКОПЈЕ ЈА ДОБИ ПРВАТА ТАРТАН ПАТЕКА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Граѓаните на Скопје имаат можност да се рекреираат на првата тартан патека што е оформена околу малото езеро во вториот дел од Градскиот парк, во еден од најживописните делови на паркот. Патеката е наменета за сите граѓани, а не само за професионалните спортисти.
Сенките од околните дрвја ја штитат патеката од директните сончеви зраци, што ја прави атрактивна за користење и во летниот период. Околу неа се поставени инфо-табли, чешми, клупи и корпи за џебен отпад.
Патеката има кружна форма, долга е 534 метри и вљубениците во трчањето ќе ја имаат вистинската подлога за нивната активност.



# БИБЛИОБУС И РЕНОВИРАНИ ПРОСТОРИИ ЗА БИБЛИОТЕКАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ со финансиска поддршка од Град Скопје минатата пролет набави нова подвижна библиотека – Библиобус. Станува збор за адаптирано возило опремено со книги наменети за ученици кое има цел промоција на книгата, достапност на информациите и создавање навика за читање кај детската популација.

Библиобусот посетува повеќе скопски приградски населби и ги опслужува учениците од 19 училишта во Марино, Мралино, Бунарџик, Текија, Мршевци, Кучевиште, Сопиште, Сушица, Оризари, Припор, Долно Коњари, Добри Дол, Побожје, Долно Соње, Орман, Чифлик, Лисиче, Трубарево и во Волково. Подвижната библиотека работи пет дена во неделата, од септември до јуни, и ги посетува училиштата според претходно утврден план. Учениците се ослободени од наплата на амортизација за позајмените книги.

Значајно е да се напомене дека екипите на Град Скопје изминатиот период комплетно го реновираа вториот кат во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ со површина од 1.000 квадратни метри. Со реконструкцијата беа опфатени одделот за странска литература, одделот за стари и ретки книги и архивски примероци, малите читални наменети за магистранти и докторанти, конференциската сала и електронската читална.

Во библиотеката „Другарче“, пак, е поставен и пуштен во употреба товарен лифт, кој е наменет за пренесување книги кои се обработуваат во одделението за обработка на книжен фонд и потоа се дистрибуираат до сите 18 библиотеки кои се во составот на Градска библиотека „Браќа Миладиновци“.






# МКЦ ВОВЕДЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПРИПЕЈД КАРТИЧКА

За првпат на домашните фестивали и културни настани, а по примерот на меѓународно реномираните фестивали, Младинскиот културен центар во септември 2019 година воведе безготовински, припејд систем на продажба, што ја прави прва културна институција во земјава што воведува припејд картичка.

Со оваа картичка, посетителите на МКЦ ќе можат да купуваат пијалаци, предмети на штандовите за продажба од артистите/изведувачи за време на фестивалите, како и производи од концептуалната продавница АП(О)ТЕКА. Со користењето на припејд картичката во голема мера ќе се намали метежот и чекањето за време на фестивалите и културните настани преку намалување на периодот на купување/плаќање, а истовремено ќе се зголеми ефикасноста на услугите, времето поминато за забава и приходите на оваа јавна установа. Припејд картичката изнесува 30 денари, може да се подигне во просториите на МКЦ и важи исклучиво за настаните во МКЦ.



# ДИНО МЕРЛИН ПРИРЕДИ СПЕКТАКУЛАРНО ШОУ ВРЕДНО ЗА ПАМЕТЕЊЕ

Во организација на Град Скопје, над 60.000 граѓани од земјава и од странство ја дочекаа Новата 2020 година на плоштадот „Македонија“ со неверојатното шоу и вонвременските хитови на големата музичка ѕвезда, Дино Мерлин. Веселата атмосфера ја збогатија сценските ласери и повеќеминутниот огномет на стартот на новата година. Граѓаните во весело расположение си посакаа многу среќа, добро здравје и успеси во Новата 2020 година.

Новогодишното шоу на Дино Мерлин го најавија настапите на музичките групи „Gypsy Groove“ и „Суперхикс“ кои ја загреаја атмосферата во студената новогодишна ноќ.

Плоштадот „Македонија“ во декември беше центар на новогодишните и Божикните празнувања во Скопје, а граѓаните имаа можност да ја почувствуваат празничната магија и да уживаат во најразновидна забавна програма. Најголем интерес кај посетителите побуди дигиталната новогодишна елка, како и новогодишните куќички во населбата „Винтерленд“ кои беа сместени на плочникот меѓу ГТЦ и плоштадот. Во близина на куќичките имаше и мала сцена на која секојдневно се организираа настани и концерти наменети за различни возрасти.








80.391 views

# ЕВРОПСКИОТ ШАМПИОН БЕСИР АЛИЛИ НА ГОСТИ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ШИЛЕГОВ

Младиот Бесир Алили кој го освои златниот медал на Европското првенство во борење за кадети во Фиренца, Италија, на 25 јуни 2019 година беше на гости кај градоначалникот Петре Шилегов и кај заменик-градоначалникот Енвер Малиќи, во просториите на Град Скопје. На средбата присуствуваа и други борачи од нашата земја, кои се натпреваруваа на шампионатот, а освоија две петти и две седми места, како и претставници од Федерацијата на боречки спортови.

- Успехот на Бесир ни ги наполни срцата. Тој е корисник и на стипендија од Град Скопје за 2019 година, како талентиран средношколец-спортист. Посакувам нормите да се исполнат и да отидеме на Олимпијада. Животот на врвните спортисти е тежок, но знам дека ако си упорен навистина ќе ни донесеш олимписко злато – рече на средбата градоначалникот Шилегов.

Кон честитките за неверојатниот успех на младиот Алили се придружи и заменик-градоначалникот на Скопје, Малиќи, кој рече дека му претставува големо задоволство што граѓаните на Скопје му приредија убав пречек на шампионот на плоштадот „Скендербег".

Освојувањето на златниот медал на Европското првенство во борење за кадети е голем успех за Алили кој се натпреваруваше во категоријата слободен стил до 48 килограми и претставува прв златен медал за македонски репрезентативец на европско кадетско првенство. Градот Скопје во 2018 година го прогласи Бесир Алили за најдобар спортист на Град Скопје во категоријата - Најталентиран млад спортист - кадет.



# СКОПЈЕ ГИ ПРЕЧЕКА ШАМПИОНИТЕ

Илјадници граѓани, спортски фанови и поддржувачи на 3 јуни минатата година се собраа на плоштадот „Македонија" и ги пречекаа европските ракометни шампиони – ракометарите на РК „Вардар". Неколку часа плоштадот пулсираше со позитивна енергија и извици на поддршка, а атмосферата кулминираше кога нашите ракометни шампиони се качија на бината и го подигнаа пехарот.

Пречекот на ракометарите на „Вардар" почна на Меѓународниот аеродром Скопје каде што слета авионот од Келн. Вардарци ги пречекаа членови на нивните семејства, многубројни новинарски екипи и навивачи. Потоа, тие со автобус на ЈСП се возеа по градските улици до плоштадот „Македонија" каде што се случуваше централната прослава во организација на Град Скопје.

По предлог на градоначалникот Шилегов, пак, Советот на Град Скопје донесе одлука за доделување награда за ракометарите во висина од 6 милиони денари, како и средства за организирање пречек на ракометната екипа „Вардар". Покрај наградата, беа обезбедени и средства за авионскиот превоз со чартер-лет на тимот на РК „Вардар" до Скопје.




„СКОПЈЕ"
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР Лидија Антоновска

ФОТОГРАФИИ
Младен Богојевски, Зоран Шекеров

e-mail: gragjani@skopje.gov.mk

телефон: 3 297 255

Facebook: Град Скопје

Twitter: @CityofSkopje

Instagram: @gradskopje.oficijalna

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски" Скопје

# КОНЦЕРТИ И ФЕСТИВАЛИ ЗА ЗАБАВА НА ОТВОРЕНО




Мелодиите од култните цртани филмови од земјите од Источниот блок -„Балтазар“, „Ну Погоди“, „Козле Бозле“, „Густав“, „Мечето Ушко“ и многу други, на 23 јуни 2019 година прозвучија неверојатно во изведба на оркестарот на Националната филхармонија, на концертот што се одржа на отворено, во Градскиот парк. Забавата продолжи и на 29 јуни кога филхармонијата свиреше на темата „Љубов и револуција“ - музички хитови од светската поп-рок и панк сцена. Двата концерта на отворено се одржаа во рамките на проектот „Градски летен парк“, како соработка меѓу Град Скопје, Филхармонијата и МКЦ.

Четириесеттото издание на фестивалот Скопско лето, кој традиционално почна на првиот ден од летото 21 јуни 2019 година и Светскиот ден на музиката, за граѓаните понуди многубројни концерти, претстави, ликовни изложби, мултимедијални проекти, филмска програма и програма за најмладите во текот на 40-те најтопли летни денови.

За добра забава на отворено, во септември се одржаа традиционалните фестивали на пивото и на виното Skopje Beer Fest 2019 и Skopje Wine Expo 2019.

ЗАСИЛЕНА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ШИЛЕГОВ НАЗНАЧЕН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЛАС

Градоначалникот Петре Шилегов на 11 април 2019 година беше назначен за претседател на Мрежата на здруженија на локалните власти од Југоисточна Европа (НАЛАС), на Генералното собрание на оваа значајна организација што се одржа во Скопје. Средбата обедини повеќе од 70 градоначалници, експерти од областа на локалната самоуправа и претставници од здруженијата на локалните власти од 12 земји кои дискутираа на повеќе теми од областа на локалната самоуправа под мотото „Градовите како двигатели на економскиот раст – Визија 2030“.

НАЛАС ја сочинуваат 14 здруженија што претставуваат околу 9.000 локални самоуправи, директно избрани од над 80 милиони граѓани во Југоисточна Европа. Организацијата ја промовира децентрализацијата и придонесува за помирување и стабилизација во регионот, како и за негова европска интеграција. НАЛАС има ротирачко претседателство, а градоначалникот Шилегов ќе претседава со оваа организација во текот на наредната година.

Во рамките на вториот ден од генералното собрание на НАЛАС градоначалникот Шилегов оствари средба со градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај. Двајцата градоначалници разговараа за можностите за забрзан економски развој на Скопје и на Тирана и за концептот на паметни градови.

Како претседател на ЗЕЛС и НАЛАС градоначалникот Шилегов во јуни 2019 година во Брисел учествуваше на дводневниот заеднички консултативен состанок на Комитетот на регионите од Република Северна Македонија со Комитетот на региони на Европската унија, на кој главна тема






беше улогата на локалните власти во процесот на интегрирање на земјата во ЕУ.

Во рамки на повеќедневната посета на збратимениот град Подгорица во мај 2019 година Шилегов се сретна со градоначалникот Иван Вуковиќ. Шилегов на средбата најави дека во наредниот период Град Скопје ќе донесе одлука со која една од градските улици ќе го носи името Подгоричка.

Во мај 2019 година, градоначалникот Шилегов оствари средба и со делегација од збратимениот град Нирнберг, Германија, предводена од градоначалникот Улрих Мали. Градоначалниците оценија дека соработка меѓу двата града е одлична - реализирани се голем број проекти и активности во областа на културата, младинската и спортската размена, противпожарната заштита и животната средина.









**Памптрак во срцето на градот**



